**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1103-248/4**

**Скопје, 23.06.2006 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика - Средства од буџетот на РМ - сметка од редовно работење, за 2005 година, кои се прикажани на страните од 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија има вршено ревизија за 2002 година и има издадено извештај за финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика Средства од буџетот на РМ - сметка од редовно работење со издадено негативно мислење за резултатот од финансиските активноси и за законското и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   – Стевчо Јакимовски, министер од 24.12.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03.2006 до 26.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Танка Блажевска, Помошник ГДР и Овластен државен ревизор;
   - Јадранка Бошковска, Самостоен ревизор;
   - Љубица Тошевска, Самостоен ревизор;
   - Елена Грнарова, Ревизор;
   - Лиман Мухаџири, Помлад ревизор;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизија на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го констатира следното:

10.1. **Системски и организациони слабости**

10.1.1. Со увид во Правилникот за систематизација на работните места ревизијата констатира дека дел од Секторите и одделенијата кои ја извршуваат основната дејност на министерството не се целосно пополнети со извршители. Ова има за последица едно лице да покрива и извршува работи на повеќе работни места што од друга страна ја доведува во прашање ефикасноста од неговата работа, ангажирање на лица по договор за дело и неефикасност во извршувањето на контролата на мрежата на установи и Фондови која ја покрива ова министерство. Согласно систематизацијата за нормално функционирање на министерството за 2005 година предвидени се 346 извршители а пополнета е со 246.

Поради ова Министерството за труд и социјална политика континуирано ангажира околу 30 лица по договор на дело. Во 2005 година за исплата на надоместок на овие лица потрошени се вкупно 2,031 илјади денари. Ангажираните лица извршуваат административно технички работи на систематизирани а непополнети работни места од Актот за систематизацијата ( советници, пом.соработници, референти) од секторите на министерството. Висината на надоместокот што го примаат овие лица се движи меѓу 7 - 20 илјади денари. Иако министерството има добиено согласност од Агенцијата за државни службеници за нови вработувања Министерството за финансии нема дадено согласност за потребните средства за пополнување на испразнети работни места.

Ангажирањето на надворешни лица на овој начин се спротивни на одредбите од Законот за извршување на буџетот, Законот за работни односи, Законите за даноци и придонеси од плата, Законот за облигациони односи и има за последица незаконски потрошени државни средства.

10.1.2. Со независни ревизорски постапки ревизијата констатира поголема организациона слабост на министерството во делот на функционирањето и работењето на Управата за прашања на борците и воените инвалиди. Управата како орган во состав на министерството без својство на правно лице и без сопствена сметка, нема воспоставена соодветна комуникација и соработка со министерството ниту е воспоствен целосен контролен систем врз нејзиното работење, иако преку неа се реализира значителен износ на средства од 390.298 илјади денари. Имено пресметките и налозите за исплата потребни за реализација на средствата од програмата на Буџетот од сметката за социјална заштита се изготвуваат во Управата и истите се доставуваат по потреба, а најчесто еднаш во месецот до министерот за потпис без да се проверени, контролирани од одделението за сметководство, ликвидатура или друго одделение на министерството. Управата согласно оваа организациона поставеност нема обврска да води целосна сметководствена евиденција согласно прописите на буџетско сметководство а министерството не располага со поткрепувачка документација за извршената исплата. Целокупната потребна веродостојна документација за сите видови на права и корисници (предмети, фактури, решенија барања) е во подрачните единици на Управата низ РМ. Само Раководителот на одделението има пристап до базата на податоци иако согласно Правилникот за систематизација и Решението за распоредување на работните места компјутерската обработка не е предвидена со опис и попис на работни места на Раководителот на одделението. Базата не е поврзана ниту со подрачните единици ниту со министерството. Мрежата од 34 подрачни единици на Управата не е опремена со компјутери и мрежното поврзување е невозможно со што е отежната контролата како од страна на Управата така од страна на министерството. Ваквиот систем на работа без разграничување на должности и одговорности и невоспоставен систем на интерни контроли, може да има за ефект незаконско и ненаменско трошење на средства.

**Препораки и мерки**

1. Министерот да ја преиспита потребата од ангажирањата на надвореши лица по договор за дело и да преземе конкретни мерки и активности во соработка со Министерството за финансии за нивно редовно вработување и соодветно пополнување на упразнетите работните места во министерството согласно Актот за систематизација.

2. Министерот да превземе конкретни мерки за измена на постојната организација и систематизација на работните места на Министерството во целина која ќе придонесе за целосна порационално искористување на постојниот кадар во Управата и ке обезбеди соодветна контрола на начинот и постапката за остварувањето на правата.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

## 10.2. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

10.2.1. Министерството за труд и социјална политика спротивно на Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници нереално и необјективно ја има искажано вредноста на Постојаните средства, побарувањата и обврските во Билансот на состојба на ден 31.12.2005 година. Направен е физички попис и изготвен е Извештај од централната пописна комисија но истиот е нецелосен, и не ги содржи податоците потребни за да се евидентираат разликите по попис во сметководствената евиденција (кусоци и вишоци). Одделението за сметководство прави напори и ги има евидентирано дел од набавките на постојните средства од ова министерство во периодот од 2003 до 2005 година но оваа евиденција не е целосно усогласена со фактичката состојба утврдена со пописот. Оваа состојба укажува дека Министерството нема целосна контрола врз состојбата, движењето и промените на постојните средства посебно во делот на градежните објекти кои не се целосно потврдени со имотни листови од надлежен орган.

### Препораки и мерки

1. Министерот за труд и социјална политика да превземе конкретни мерки и активности за воведување во сметководствената евиденција на целокупниот недвижен имот и опрема со која располага и е набавена од страна на ова министерство. Одделението за внатрешна ревизија при министерството да му даде приоритет во своите активности за успешно решавање на ова прашање.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точка 10.2.1., финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, финансиската состојба на Министерството за труд и социјална политика Средства од буџетот на РМ - сметка од редовно работење под 31 декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за ефектите од искажаното во точка 10.2.1, кај Министерството за труд и социјална политика Средства од буџетот на РМ - сметка од редовно работење остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

13. Обрнуваме внимание дека Министерството за труд и социјална политика согласно известувањето на Јавниот правобранител на Р. Македонија од ноември 2005 година е тужена странка во судски спорови во 132 предмети со вкупна вредност од 33,607 илјади денари. Ревизијата има обврска да истакне дека најголема вредност е предметот по основ на тужбен спор со Камбери Ислам и Други од Гостивар со вкупна вредност од 17,197 илади денари на име проценет надомест за експроприран имот од детска градинка во Гостивар со површина од 1512,6 $м^2$ и камата согласно есконтната стапка на НБ на РМ почнувајќи од 29.12.1997 година. Ревизијата констатира дека министерството и Јавното правобранителство ѓи имаат превземано сите правни дејства како и Јавното обвинителство на РМ кое против донесеното решение на Основниот суд во Гостивар и решението на Апелациониот суд во Скопје има поднесено барање за заштита на законитоста до Врховниот суд на Р. Македонија.

    Реализацијата на судските решенија со камати и судски трошоци може да има за последица непланирана обврска и терет на буџетот на министерството за 2006 година.

14. Со ревизија на финансиските извештаи за 2005 година кај Министерството за труд и социјална политика - Средства од буџетот на РМ - сметка од редовно работење ревизијата констатира дека превземени се мерки и отстранети се неправилностите констатирани во ревизорскиот извештај за 2002 година.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 23.06.2006 година**

**Танка Блажевска**

___________________



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 132.561 | 134.954 |
| **Вкупно приходи** | **132.561** | **134.954** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 90.291 | 102.357 |
| Резерви и недефинирани расходи | 72 | 0 |
| Стоки и услуги | 28.837 | 21.859 |
| Субвенции и трансфери | 1.200 | 627 |
| Социјални бенефиции | 294 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **120.694** | **124.843** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 11.867 | 9.861 |
| **Вкупно капитални расходи** | **11.867** | **9.861** |
| **Вкупно расходи** | **132.561** | **134.704** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **250** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **0** | **250** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 0 | 200 |
| Побарувања | 73 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 365 | 66 |
| Побарувања од вработените | 46 | 19 |
| Активни временски разграничувања | 9.037 | 8.336 |
| **Вкупно тековни средства** | **9.521** | **8.621** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 24.572 | 17.775 |
| **Вкупно постојани средства** | **24.572** | **17.775** |
| **Вкупна актива** | **34.093** | **26.396** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1.626 | 1.829 |
| Краткорочни финансиски обврски | 298 | 71 |
| Обврски спрема државата и други институции | 551 | 19 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 7.000 | 6.452 |
| Пасивни временски разграничувања | 46 | 250 |
| **Вкупно тековни обврски** | **9.521** | **8.621** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 24.572 | 17.775 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **24.572** | **17.775** |
| **Вкупна пасива** | **34.093** | **26.396** |


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*
*Овластен Државен ревизор*
---------------------------------------

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **17.775** |
| **Зголемување по основ на:** | **48.509** |
| Сторно на состојба на капитал | (17.775) |
| Нови набавки во 2005 | 10.251 |
| Вкупно сметководствено евидентирана опрема пред 2005 | 56.033 |
| Ревалоризација на капитални средства | - |
| **Намалување по основ на:** | **41.712** |
| Отпис на капитални средства | 41.712 |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | |
| Амортизација | - |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **24.572** |